


**СООПШТЕНИЕ, РЕАКЦИЈА НА ИЗЈАВА НА РОЗАЛИЈА АНГЕЛКОВСКА ОД СДС 15.07.2025**

** За СДС училишните клупи беа место за партиска пропаганда**

Кога станува збор за партизација на институциите, СДС прво нека се погледне себеси.

Кога сме кај партизација на образованието, внимателно да се погледне оваа снимка на партиски собир на СДС во основно училиште во Банско.

Партиските  функционери на СДС организираа партиски настани во основи училишта.

СДС ги претвори училишните клупи во место за партиска пропаганда.

Наследството во образованието што го оставија СДС и ДУИ беше катастрофално, образованието беше во длабок минус, учениците беа оставени без учебници, наставниот и стручниот персонал беа без достоинствени примања, а образовната инфраструктура беше запоставена.

Владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ ги зголеми платите за над 12 проценти, се градат факултетски објекти и има зголемени стипендии. Владата предводена од

ВМРО-ДПМНЕ вложува во образованието.

Во прилог ви испраќаме видео материјал, од партиски настан на СДС одржан во основно училиште во Струмица.